Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Филозофски факултет

Меѓународни односи-

разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:**

# Учеството на жените во општествениот и политичкиот живот во Палестина и окупираните територии


**Кандидат:** **Марина Трајковска**

**Ментор:** **Проф. д-р Тања Милошевска**


Скопје, 2020

Овој магистерски труд му го посветувам на моето семејство, без чија поддршка не ќе можев да ја посетам Палестина и да допринесам кон ова истражување со своето лично искуство.

**Содржина:**

**Апстракт**............................................................................................ 5

1. **Вовед** ............................................................................................... 7
   1.1. Формулација на проблемот........................................................ 7
   1.2. Истражувачки прашања............................................................ 10
   1.3. Цели и задачи.............................................................................. 11
   1.4. Дефинирање на предметот на истражување............................ 13
   1.5. Дефинирање на клучните концепти.......................................... 16
   1.6. Општа / специфична хипотетичка рамка................................ 20
   1.7. Истражувачки методи.............................................................. 21

2. **Теоретска рамка** ............................................................................. 22
   2.1. Палестина во историски контекст, раѓањето на Израел и израелско-палестинскиот конфликт...............................................22
   2.2. Историски преглед на учеството на жените во општествено-политичкиот живот во Палестина.............................33

3. **Фактори кои влијаат врз учеството на жените во општествено-политичкиот живот во Палестина**.................... 38
   3.1. Влијанието на вооружените конфликти врз жените и нивното учество во општествено-политичкиот живот................ 38
   3.2. Улогата на национализмот во учеството на жените....................40
   3.3. Влијанието на конфликтот и меѓународното право....................42
   3.4. Влијанието на Втората Интифада врз учеството на жените...... 44
   3.5. Влијанието на родот, патријархатот и влијанието на Палестинската власт ....................................................................45
   3.6. Влијанието на исламскиот фундаментализам врз учеството на жените ........................................................................................ 47
   3.7. Влијанието на милитаризацијата и родовото насилство во Палестина ......................................................................................... 57
   3.8. Влијанието на блокадите и контролните пунктови......................58

**4. Резолуцијата 1325 на Обединетите Нации** ..........................................60
4.1. Позадина за донесување на Резолуцијата 1325...............................60
4.2. Имплементација на Резолуцијата 1325 во критичните региони и нејзини критики........................................................................ 63
4.3. Феминистичка критика врз Резолуцијата 1325............................. 66
4.4. Резолуцијата 1325 во Палестина ...................................................70
4.5. Имплементација на Резолуцијата 1325 во Палестина....................72

**5. Улогата на граѓанското општество и невладините организации врз учеството на жените во општествено – политичкиот живот во Палестина**.......................................................................................74

5.1. Правни услови, бариери и недостатоци.........................................78
5.2. Позицијата на палестинските феминистки и нивната критики...82

**6. Заклучок**...........................................................................................86
**7. Користена литература**.......................................................................... 90

**Апстракт**

Окупацијата на Израел врз Палестина креира една таква ситуација, каде буквално се е прашање на припадност, кој каде припаѓа и што кому припаѓа во прва линија. Оваа ситуација во огромна мера го детерминира развојот на општествено-политичкиот живот, особено во Палестина и окупираните територии. Секојдневно Палестинците се соочуваат со еден сложен систем, особено кога станува збор за мобилноста, односно движењето надвор од Западниот Брег или кон Ерусалим. Тие се принудени да бараат специјални дозволи, кои понекогаш не се доволни да се помине патот од 16 километри ниту за 2 часа. Оваа ситуација е уште толку отежната со многубројните контролни пунктови што Израелците ги поставуваат, како и една од најморничавите појави, ѕидот кој што го опкружува Западниот Брег, одвојувајќи го од останатата територија.

Кога човек патува низ Палестина, она што паѓа во очи е јасно диференцираниот систем на сегрегација, кој се стреми да ги оддалечи Палестинците од нивните домови и земја. Целиот тој систем е еден спој за контрола врз Палестинците, кој несомнено влијае во огромна мера на нивниот целокупен социо-политички живот.

Жените биле отсекогаш клучни играчи кога зборуваме за развојот на едно општество. Токму на тие територии, каде се простираат земјите Израел и Палестина (признаени како такви за одделни земји и народи), жените играле различна улога во различни временски периоди. Улога, која денес во 21 век се манифестира со демотивација, неактивно учество во социјалниот и политички живот, но и детерминирана од надворешните фактори кои како ѕвезди висат на небото врз израелско-палестинскиот конфликт.

Имајќи ги во предвид историските превирања во тие земји, особено традицијата и политиката како главни фактори, секако и меѓународниот фактор, жените пред се не останале целосно тивки и секогаш имале желба да се влијае врз нивните права, како и врз родовата еднаквост во целина.

Несомнено глобализацијата која со себе ја носи и дигиталната ера, развојот и демократијата, вложуваат огромен напор врз подобрување на целокупната слика преку легални инструменти, но во колкава мера сето тоа се имплементира „на терен„ ќе пронајдете во моето истражување и анализа на следните страници од овој магистерски труд.

# 1. Вовед

## 1.1. Формулација на проблемот на истражување

Еден од најдолгите и најпрепознатливи конфликти на нашето време, несомнено е израелско-палестинскиот конфликт. Оваа крвава борба која се превира низ многу години и вклучува голем број играчи, сојузи и обиди за решавање на конфликтот, доведе до смрт на многумина и го наруши животот на безброј други. Според некои извори, најмалку 1.104 Израелци и 6.836 Палестинци се убиени само од 2000 година, а многу други се повредени.[1] Истиот извор вели дека додека бројот на Израелци кои се убиени се намалил од 2002 година, бројот на убиени Палестинци останал релативно висок. Ситуацијата е очајна, особено за Палестинците, од кои многумина се крајно ограничени во нивната мобилност и способност да обезбедат за себе и за своите семејства пристоен живот.

Обидите за мировни преговори и развојот на решение за конфликтот досега се покажуваат како неуспешни. Се разбира, постојат и Израелци и Палестинци на двете страни на конфликтот, како и надворешни влијанија кои не го поддржуваат решението за формирање на две држави и оваа разновидност на неиздржливи желби придонесува значително за нерешливост на проблемот.

Меѓутоа, она што најверојатно не го размислуваме во преден план кога го анализираме израелско-палестинскиот конфликт е отсуството на палестинските жени во општествено-политичкиот живот, односно во процесите на преговарање и изнајдување на решение за конфликтот, што беше доволна причина да го започнам моето истражување.

Со оние информации кои ги имаме за израелско-палестинскиот конфликт, тешко дека може да се набројат жени, за кои е познато дека се вклучени во преговарањата во Осло или Мадрид. Единствена Палестинка, за која може да се чуе беше Ајат ал Акрас, бомбаш-самоубиец.

---

[1] OCHA data base, достапно на: http://www. ochaopt.org/. B'tselem statistics, *Statistics: Fatalities,* достапно на: http://www.btselem.org/english/statistics/Casualties.asp

Кога започна ова истражување, несомнено се потпираме на податоците добиени од престој во Палестина, кој ни помогна да сфатиме еден куп причини, но и реалности со кои се соочуваат Палестинките. Многубројните разговори со палестинските жени од различни делови и возрасти во врска со причините за нивното учество односно неучество во општествено-политичкиот живот овозмоуваат добра основа за имплементација на овој труд.

Кога го анализираме учеството на жените во Палестина, несомнено мора да се направи еден историски осврт на конфликтот помеѓу Израел и Палестина, кој генерално има корени уште во библиско време. Всушност, кој има право на земјата оспорена и од Израел и од Палестина, го влече ветувањето дека децата на Аврам треба да го поседуваат еврејскиот дел од кралството Израел, кое се протега на територија што е населена стотици години со, главно, Арапи и муслимани.[2]

Во изминатите години се случиле премногу настани кои го усложнуваат конфликтот, кој се состои од многу слоеви на недоверба, омраза, насилство и страв. Па така и учеството на жените се протега од милитантност до учество на жените кое ќе влијае на изградба и зајакнување на општествено-политичкиот живот.

Иако палестинските жени упорно бараат начини за својата позиција и учество, мора да споменеме дека нивните видливи обиди датираат уште од времето на Британскиот мандат, кога жените се мобилизираа во име на одбраната на нивната татковина. Од основањето на Израел во 1948г., како и со арапско-израелските војни, мнозинството Палестинци е принудено да ги напушти своите домови, односно доаѓа до масовно раселување на населението. Палестинските жени се грижат за опстанокот на семејствата под социјални и економски бариери, физичка несигурност и политичка неизвесност. Особено откако Израел ги окупира Западниот Брег и Газа во 1967г., социјалното и политичко однесување на жените беше во огромна мера обликувано од духот на опстанокот и отпорот до понижувања и неправди по окупацијата.

---

[2] Be on our Side Campaign, “Roots of the Conflict,” Two Peoples One Future, Committee for a Just Peace in Israel and Palestine, 2014, достапно на: http://www.twopeoplesonefuture.org/background/roots-of-conflict/.

Позицијата на жените во Палестина стана дотолку детерминирана и со последиците на двете востанија, првото во 1987г (shacking off – the first Intifada) и второто во 2000г (Al Aqsa Intifada), кои несомнено се карактеризираа со крајно насилство од Ерусалим и Газа, до бегалските кампови во Либан и училиштата во Западниот Брег. Врз основа на сето ова, Сухеир Азуни, палестински активист, ќе каже дека жените се соочуваат главно со две огромни препреки во нивното учество, онаа што произлегува од рамките на сопствената култура, традиција и општество, и онаа како резултат на окупација, насилство, кршење на човековите права и ограничување. [3]

Исто така, улога во ова истражување кон учеството на жените имаат и некои тела креирани во текот на долгогодишната борба. Во 1959г, од страна на Јасер Арафат и други активисти, беше формирана групата Фатах, која имаше за цел насилно да се спротивстави на Израел и целосно да ја ослободи Палестина. Ова доведе до креирање на управувачкото тело Палестинска Ослободителна Организација (Palestinian Liberation Organisation PLO), а востанијата пак доведоа до креирање на милитантската исламистичка група Хамас, која имаше за цел целосно уништување на Израел. Овие структури се важни, бидејќи во сите нив има вклучено жени, но моќта за донесување на одлуки е алоцирана кон мажите, што доведува до дисбаланс во учеството.

Со оглед на тоа што во воените подрачја и тоа како отскокнува родовото насилство, а жените се директна цел на различен тип на насилство, вклучувањето на меѓународните фактори, односно организации е поттикнато од движењата на жените кои се борат кон еднаквост и правда, што доведе до донесување на резолуции, декларации и акциски планови. Во мојот случај, резолуцијата 1325 која Обединетите Нации ја усвои во 2000г., игра улога во поддржувањето на учеството на жените во Палестина, од аспект на неуспешно имплементирање во пракса.

Жените во Палестина, треба да играат клучна улога во изградбата на тоа општество. Без нивната активна вклученост не може да се очекува развој, како и

---

[3] Suheir Azzouni, "Palestine," *Women's Rights in the Middle East and North Africa: Progress amid Resistance,* New York, NY: Freedom House, Lanham, MD: Rowman & Littlefield, 2010. https://www.freedomhouse.org/sites/default/files/inline_images/Palestine%20%28Palestinian%20Authority%20and%20Israeli %20Occupied%20Territories%29.pdf.

решавање на било кој аспект од конфликтот. Родовиот баланс во општеството е потребен, но истовремено детерминиран од многу фактори кои се анализирани во моето истражување.

Факторите коишто влијаат, жените во Палестина да не учествуваат активно во општествено-политичкиот живот се од социо-економска, географско-религиска и политичка природа, која ниту меѓународните фактори, односно организации со усвојување на резолуции не можат да ја надминат. Но, факт е дека постоењето и активностите на невладините организации, како и феминистичките теории кои даваат една друга рамка на проблемот, кои се борат за остварување на жените во општествено-политичката сфера, имаат несомнено импакт врз самите жени во Палестина.

## 1.2. Истражувачки прашања

Магистерскиот труд има за цел да одговори на следните прашања:

(1) Кои се факторите кои придонесуваат жените во Палестина да не бидат активни во општествено-политичкиот живот?
(2) Зошто резолуцијата 1325 усвоена од Обединетите Нации не беше успешно имплементирана во Палестина?
(3) Како може да придонесат меѓународните и невладините организации за поголема вклученост на жените во општествено-политичкиот живот?

### 1.3. Цели и задачи

Учеството на жените во општествено-политичкиот живот во Палестина е од суштинско значење за постигнување на целите и задачите на палестинскиот општествен систем.

Родовата еднаквост меѓу мажите и жените се однесува на ставот дека и двата треба да добијат еднаков третман и подеднакво да се промовираат во прашања како што се економска независност, исплата на еднаква работа вредност, еднаквост во процесот на донесување одлуки, достоинство и крај на родовото насилство.

Социјалните идентитети пак претставуваат идентификација со различни групи во општеството и затоа се поврзани со чувство на припадност во одредена нација или заедница. Таков е случајот со палестинските жени, кои стекнувајќи родов политички идентитет, се дистанцираат од своите машки сонародници и ја нагласуваат важноста на нивните борби под закрила на заеднички палестински идентитет.[4]

Она што е избрано да се обработува во овој труд, се однесува на зголемување на свеста за родова еднаквост во Палестина, активното општествено учество на жените, како и на ограничувањата што патријархалното општество и останатите фактори ги поставуваат на овие жени, кои со одењето против општествените норми останаа посветени во борбата за национално ослободување.

После второто востание, интифада, учеството на жените зема една друга насока, каде тие се обидуваат преку борба да ги обезбедат своите права и слободи. Но, тоа резултира со 96 жени убиени во Западниот Брег и Газа.[5] После тој период забележано е вклучувањето на феминистите, граѓанските организации, особено невладините организации за човекови права кои земаат активен чекор кон

---

[4] Simona Sharoni, "Gendered Identities in Conflict: The Israeli-Palestinian Case and Beyond," Women's Studies Quarterly Vol. 23, No. 3/4, *Rethinking Women's Peace Studies* (Fall - Winter, 1995), 117-135.

[5] The Palestinian Centre for Human Rights, Al-Mintar publication, 2004. p.28.

обезбедување и поддршка на местото на жените во палестинското општество. Иако тие организации користат правни и социјални инструменти да ги променат постојните политики и да го издигнат местото на жената преку решавање на родовите прашања, на тој пат не забележувам некои големи промени во активното учество на жените.

Ако претпоставиме дека традицијата, религијата, односно социо-економските услови го детерминираат учеството на жените во Палестина, тогаш можеме да го рефлектираме учеството и улогата на меѓународните и локалните невладини организации таму во процесот на преминување на бариерите кои доведуваат жените да изостануваат во своето учество.

Со оглед на тоа што жените во време на конфликт или војна се жртви на насилство, силување, општествено потиснување, занемарувајќи ги правата на сопствен избор за репродукција или било каква контрола врз женската сексуалност, ги анализираме феминистичките теории кои преку своите активности за правата на жените и еднаквост во политички, социјален, културен и економски контекст ги детерминираат организациите кои оперираат на територијата на Палестина и окупираните делови.

Во колкава мера различните феминистички теории влијаеле врз феминистичките активности, можеме да доловиме од учеството на жените во тие движења после востанијата но и од улогата на тела како што се Фатах и Хамас со нивните политики.

Можеби феминистите оствариja дел од своите замисли со усвојувањето на резолуцијата 1325 во Обединетите Нации, иако нивните теории многу често беа исмејувани, подоцна се разгледуваат како основа за усвојување на тие резолуции. Усвојувањето на оваа резолуција, како што рековме лобирана од феминистите, за жал не беше спроведена според очекувањата. На територија како што е Палестина, со тие општествено-политички норми спроведувањето на една таква резолуција без конкретен план за акција, но и поради одреден број на причини не може да се очекува со ефективни резултати. Една од задачите покрај факторите кои го детерминираат учеството на жените, е и анализа на причините за неуспехот  во имплементацијата на оваа резолуција. Целта е да се утврдат клучните точки врз кои треба да се влијае за една таква резолуција да има

поголем импакт и со тоа да обезбеди простор за преминување на бариерите кон активно учество.

Во моментов се вложуваат огромни средства за развивање најразлични програми кои невладините организации би ги имплементирале со жените од различни области на Палестина. Иако сметам дека во одреден дел само елитата и образованите жени имаат достапност до тие програми, сепак задача е да ги анализираме тие активности на организациите кои ќе ни покажат до која мера може да се поддржи активното вклучување на жените таму.

### 1.4. Дефинирање на предметот на истражување

Со оглед на тоа, што општествено-политичкото учество е еден од најважните показатели и импликации за развој на секое општество, не можеме да зборуваме за учество, во било која форма, без да го адресираме концептот за политичко учество од една страна и улогата на жената во развојот на едно општество од друга страна. Според тоа степенот на учество на жените и нивната ефективност, се рефлектираат дефинитивно врз развојот на општеството.

Треба да потенцираме дека со секој обид да се разберат и простудираат социјалните промени не може да се изолира улогата на жените, бидејќи тие претставуваат повеќе од половина од светската популација.

Терминот „општествено-политичко учество“ е релативно современ, најчесто се користеше во пресрет на Индустриската Револуција на осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век, кога револуцијата имаше најголемо влијание на учеството во општеството, кое не беше повеќе ограничено само за елитата. Концептот за активно учество во општеството, потенцирајќи го политичкото учество, потекнува исто така од интеракцијата на индивидуата со

општеството преку целосна инволвираност во јавните активности, дефинирана како „јавна политичка пракса“[6].

Меѓутоа, исто така имаме и друга дефиниција за општествено-политичко учество на жените, кое укажува на сите доброволни активности на жената, со намера да влијае директно или индиректно на одлуки и избори кои се прават во целокупниот систем.

Според претходно изложеното, јасно е дека заеднички деноминатор е доброволната активност, спонтана или организирана, креирана да изврши влијание во општеството кон поддржување на позитивни промени, кои ќе овозможат постабилно општество.

Во палестинското општество, кое се карактеризира како конзервативно и доминирано од мажи, се очекува жените да ги дуплираат напорите за да се инкорпорираат во општеството, да се интегрираат во процесите на донесување на одлуки, односно да се вклучат во целиот развој на општеството.

Во оваа смисла, треба да се спомене, дека политичките промени во палестинското општество, дозволија тоа да претрпи вклучување на жените под различни околности, кои им дадоа историска можност на жените да ја подобрат својата позиција преку земање учество во борбата против окупаторот и масивните активности.

За време на интифадите (востанијата) палестинските жени имаа можност цврсто да се наметнат на колективната свест на Палестинците, општествено и јавно.

Неколку години подоцна, Палестинките успеаја да водат некои невладини организации и фондации, кои влијаеја, на еден или друг начин, врз креирањето на граѓанското општество во отсуство на државни институции. Но, тие можности за присуство на жената на општествено-политичката сцена, се бележат како реакција на вооружените конфликти, додека активно учество на жените или пак само некои знаци може да се забележи само помеѓу елитата. Има примери кои

---

[6] Bystydzienski, Jill.m, *Women Transforming politics*”. World Wide, Strategies’ for Empowerment, Indiana University Press, 1991, p.1.

укажуваат на потенцијалот и способностите на жените да бидат активни чинители во општеството, но повеќето се индивидуални случаи.

Она што всушност не им дозволува на жените активно да се вклучат во општествено-политичкиот живот, е всушност комбинација од ситуации, услови и состојби во коишто се наоѓаат палестинските жени. Самото тоа што се жртви на резултатите од воените активности, кои најмногу се манифестираат со кршење на нивните основни човекови права, женската палестинска популација е детерминирана во огромна мера од традицијата која оди рака под рака со религијата, која благодарение на политичките состојби на тие простори масовно се радикализира.

Освен тоа ограничената мобилност, како и ресурсите кои ги поседува Палестина, не овозможуваат економски раст и развој, што се манифестира со многу малку можности за жените, особено за оние кои се раселени односно во бегалските кампови. Но исто така неуспехот на организациите се темели токму врз ограничената мобилност заради окупацијата, како и економската немоќ и непристапност на информации. Можеби и достапноста на информациите е клучна за не толку големото учество на жените во сите работилници и тренинзи кои се имплементирани на тие простори. Неуспехот на имплементацијата на резолуцијата 1325 на ОН се темели токму на низа од овие фактори.

Во овој контекст, исто така ќе го споменеме влијанието на феминизмот и феминистичките теории, кои ги застапуваат правата на жените и еднаквоста, доведоа до формирање на локални феминистички движења. Според пост-колонијалниот феминизам, односите на моќ на половите се карактеристични во доминацијата на колонијализмот и националистичките борби (во случајов Израел не била никогаш колонија, додека пак Палестина е до денес колонија), и со тоа Палестинскиот феминизам се потпира на борба против колонизаторот Израел, но и против универзалните западни модели за индивидуална слобода. Според нив, разбирањето на „жената“ не може да биде само преку раса, нација, класа и религија туку сето тоа се вкрстува со полот.

Како и да е, феминистичките движења од 90тите години беа видливи и маркантни, се формираа феминистички организации кои медиумски влијаеја на надежта за соработка и заедничка работа. За жал многу од тие организации не

функционираат денес, како што се вели поради тоа што ставовите на жените во однос на политичката поделеност беа посилни од оние за заедничка работа.

## 1.5. Дефинирање на клучни концепти

**Палестина** е територијата која се протега од Средоземното Море до реката Јордан, припаѓала на отоманската империја, каде денес се наоѓаат Израел, Западниот брег и појасот Газа. Де Јуре, Палестина денес е суверена држава која се состои од Западниот Брег, Појасот Газа и источниот дел од градот Ерусалим и е призната од 136 членки на Обединетите Нации. Територијата е населена со мнозинство на арапско-муслиманско население, а официјален јазик е арапскиот.[7]

**Израелско-палестински конфликт** всушност го означува конфликтот помеѓу Израелците и Палестинците, предизвикан со создавањето на државата Израел на територијата Палестина во 1948 година.

Израел беше создадена од Обединетите Нации, а конфликтот е еден од најдолгите и најкомплексните конфликти. Недоразбирањата помеѓу двете страни се протегаат од меѓусебното непризнавање, до граници, сигурност, права над ресурси (вода) и контрола врз градот Ерусалим, кој претставува важен идентитетски момент за двете страни.

Во срцето на конфликтот лежат ставовите на еврејските ционисти и палестинските националисти. Иако се направени многубројни обиди за да се изнајде решение на конфликтот, вклучувајќи ги напорите на меѓународните институции, можно решение не е ни на повидок. Последниот голем обид за примирје е Договорот од Осло, кој за жал не беше успешен. [8]

---

[7] Abraham, Matthew. “Seeking Palestine: New Palestinian Writing on Exile and Home,” Journal of Palestine Studies, Vol. 42, No. 4 (Summer 2013,) 90-91.

[8] Gutmann, Stephanie. *The Other War: Israelis, Palestinians, and the struggle for Media supremacy*, United States: Encounter Books, 2005.

**Интифада** е арапскиот термин за зборот „востание“. Со овој термин се означуваат двете поголеми борби на Палестинците против Израелците.

Првата интифада започна во 1987 година, почна да згаснува во 1991, а е прекината во 1993 со Договорот од Осло, преку кој е воспоставена Палестинска управа. По израелско-арапските војни, палестинските територии останаа окупирани подрачја под израелска воена управа. Сè поголемото населување на израелски доселеници и сè полошата положба на Палестинците во бегалските кампови создадоа многу напната атмосфера. При едни демонстрации на Палестинците на 6. Декември 1987 година израелската војската уби еден Палестинец, што предизвика голем револт помеѓу Палестинците. Тие почнуваат да формираат вооружени единици и да влегуваат во судири со Израелците. Израелската војска, исклучително добро вооружена, возвраќа на палестинските напади, често со употреба на прекумерна сила. При тоа и двете страни вршат напади и врз цивилно население. Бројот на жртвите од Првата интифада е: 1.162 Палестинци и 160 Израелци.

Како **Втора интифада** (или Ал Акса Интифада) се означува израелско-палестинскиот судир што започна во септември 2000 година откако Ариел Шарон тогашен лидер на опозициската партија Ликуд, влезе во просторот на ерусалимските џамии, каде до 1 век постоел еврејски храм. Тоа Палестинците го сметаа за тешка провокација и набрзо потоа избувнаа жестоки судири. Оваа интифада е сè уште во тек и е покрвава од претходната. До 2004 година убиени се 3.223 Палестинци и 950 Израелци.[9]

***Воена окупација*** претставува контрола и присвојување на нечија територија, која му овозможува на окупаторот да воспостави воена влада. Под таа контрола и присвојување се подразбира и контрола на сите ресурси. [10]

---

[9] Hammack, L. Phillip. *Narrative and the Politics of Identity: The Cultural Psychology of Israeli and Palestinian Youth*, New York: Oxford University Press, 2011.

[10] https://www.merriam-webster.com/dictionary/military%20occupation

После неколку големи судири, војни на Израел со арапските земји, од кои клучна е 6 дневната војна, Палестинските територии се под окупација на Израел. После Договорот од Осло, Палестинците добија фиктивна автономија на Западниот Брег.

***Меѓународна организација*** се дефинира, според Комисијата за Меѓународно право, како организација основана со некој договор или инструмент управуван од меѓународното прави и поседува сопствен меѓународен правен идентитет. Како членови на меѓународните организации се наоѓаат државите, но често за членство можат да аплицираат и други ентитети. Процесот на донесување одлуки во меѓународните организации исто така се спроведува со помош на меѓународното право. [11]

Една таква меѓународна организација се Обединетите Нации, основана во 1945, посветена за чување на меѓународниот мир и безбедност, развивајќи пријателски односи помеѓу нациите, промовирајќи социјален напредок, подобар стандард и човекови права.

**Резолуцијата 1325 на Советот за Безбедност на Обединетите Нации за жените, мирот и безбедноста** е резолуција донесена во 2000 година со која што се придава значење на заштитата на жените во воени конфликти и нивно активно учество во општеството. Според Резолуцијата, напорите за мир и безбедност се повеќе одржливи доколку жените се еднакви партнери во спречувањето на воени конфликти. Нивната заштита и заштитата на човековите права е приоритет. Резолуцијата е усвоена како резултат на напорната работа на граѓанското општество и членките на Обединетите Нации.

***Учество на жените во општествено-политичкиот живот*** претставува доброволното вклучување на жените во активности кои придонесуваат во изградба на општеството. Тие активности се однесуваат на социјалниот, економскиот, безбедносниот како и политичкиот развој на

---

[11] Archer C., L. Marsden, *International Organisations*, London, Routlendge 2015.

општеството. Општествено-политичкиот живот пак го сочинуваат сите социјални и политички фактори кои го овозможуваат развојот на едно општество.

Преку учеството на жените во општествено-политичкиот живот, се подига свеста за половата еднаквост и женските права. Жените се многу важен аспект на целокупното функционирање на едно општество, а со нивното активно вклучување во најразличните активности се очекува развој на едно стабилно општество.[12]

**Невладините организации** се всушност непрофитни доброволни групи на граѓани, организирани на локално, национално или интернационално ниво. Нив ги сочинуваат луѓе со заеднички интереси, спроведуваат најразлични услуги и имаат хуманитарен карактер, проблемите на граѓаните им ги доближуваат на владите, посредници се и мониторинг на различни политики и го поддржуваат политичкото учество преку дистрибуција на информации.

Некои организации се ориентираат на конкретни проблеми како човекови права, животна средина или здравје. Тие обезбедуваат анализи и експертизи, служат како механизми за рано предупредување и помагаат во следењето и спроведувањето на меѓународните договори. [13]

**Феминизмот**, како збор, означува посредување за правата на жените врз основа на половите. Феминизмот е опсег на политички движења, идеологии и општествени движења кои имаат заедничка цел: да се дефинира, да се воспостави и да се постигне политичка, економска, лична и социјална еднаквост на половите. Ова вклучува и обид да се воспостават образовни и професионални можности за жени кои се еднакви на оние за мажите. Феминизмот всушност е движење кон еднакво општество, за мажите, жените и транс-сексуалците.[14]

---

[12] Kanaaneh, Rhoda Ann. *Birthing the Nation: Strategies of Palestinian Women in Israel*, California: University of California Press, 2002.

[13] http://www.ngo.org/ngoinfo/info.html

[14] https://www.huffingtonpost.com/womens-rights-news/what-is-feminism_b_6985612.html

**Феминистичка теорија** претставува продолжение на феминизмот во теоретски, фикционален или филозофски правец. Таа ги истражува женските и машките општествени улоги, искуства, интереси, задолженија и феминистичка политика во различни области, како што се антропологијата и социологијата, комуникацијата, медиумските студии, психоанализата, домашната економија, литературата, образованието и филозофијата.

### 1.6. Општа/специфична хипотетичка рамка

Во оваа теза се тврди дека, жените во Палестина и окупираните палестински територии не учествуваат активно во општествено-политичкиот живот поради социо-економски, географски, религиски и политички фактори како и немоќта на меѓународните организации да го поддржат тој процес на учество.

а) *Посебни хипотези*

1) Жените во Палестина не учествуваат подеднакво со мажите во општествено-политичкиот живот.
2) Окупацијата и милитаризацијата придонесуваат кон неучество на жените во општествено-политичкиот живот.
3) Жените во Палестина кои имаат пристап до информации, подобра мобилност и економски можности се активни чинители во општествено-политичкиот живот.
4) Патријархатот и религијата играат огромна улога во неуспехот на меѓународните организации да го поддржат процесот на учество.

## 1.7. Истражувачки методи

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојуваме со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да добиеме една систематизирана целина. Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка односно техника за собирање на податоци ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат индуктивно – дедуктивен метод на анализа и компаративен метод на анализа. Во контекст на анализата на содржина ќе се фокусираме на толкување на официјалните документи, како и на текстови, написи, публикации, различни статии, дневни весници, списанија кои се однесуваат на предметот на истражување.

Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои со соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на оваа истражување.

## 2. Теоретска рамка

### 2.1 Палестина во историски контекст, раѓањето на Израел и израелско-палестинскиот конфликт

Во обработката на овој проблем дефинитивно мора да се вратиме наназад и да погледнеме добро кои се овие држави, нивните траси и конфликтот, како еден од најсложените конфликти во историјата.

Земјата која што се протега помеѓу реката Јордан и Средоземното Море, позната како Палестина, се наоѓа на крстосницата на светската трговија и цивилизација. Историска Палестина била дом на многу народи, но исто така била управувана од различни народи. Нејзини жители биле Семитите, кои зборувале семитски јазици, вклучувајќи асириски, арапски, вавилонски, еврејски и фенички. Народот околу Газа, наречени филистинци, заедно со евреите и феникијците ја сочинувале таа територија. Низ историјата различни народи ја окупирале оваа територија. Со појавата на исламот низ целиот арапски полуостров, проширувањето на оваа религија ги опфатило и територите на Палестина. Муслиманите, Арапи проследени со Турците потоа, владееле со овие територии до 20от век. Единствено Крстоносците го прекинале ова муслиманско владеење за момент.

Палестинското население е арабизирано, зборувајќи го арапскиот јазик, ја практикува таа култура и исламот како најмасовна религија. Муслиманите владееле таму се до победата на Британците над Отоманците во Првата Светска Војна, кога Британците ја преземаат Палестина.




Приказ на територијата на Палестина

За време на Британскиот мандат, мнозинството Палестинци се муслимани, само една петтина се христијани и 1.5 % евреи. На Британците мандатот им значи задача, односно одговорност, да создадат држава за Евреите.

После Холокаустот, односно Втората Светска Војна, еврејската заедница врши огромен притисок за создавање на еврејска држава во Светата Земја.

Во 1943 година, австрискиот евреин Бирнбаум го промовираше Ционизмот, како национално движење, кое според неговиот современик Херцл треба да овозможи создавање на независна еврејска држава. Комбинацијата на ционизам и британска поддршка, овозможи евреите да се населуваат во Палестина и за 10 години тие да станат 30% од вкупното население таму.

Во 1947 година, Обединетите нации предлагаат план за поделба на Палестина на 2 територии, независна еврејска и независна арапска држава.

Планот е прифатен од Евреите, но одбиен од Арапите, а пак Британците одбиваат да го имплементираат планот. Таа вечер кога Британците се повлекуваат целосно од тие територии, е прогласено формирањето на државата Израел, според предлогот на Обединетите Нации.

Палестинците неприфаќајќи го овој факт, но исто така земајќи ја предвид ситуацијата што повеќе од 700 000 Палестинци се раселени поради планот за еврејска држава, заедно со Трансјордан, Египет и Арапската лига ја започнуваат воената акција кон Израел, Арапско-Израелската војна од 1948 година. Во оваа војна Израел присвои уште од територијата, Египет ја презеде Газа, а Западниот Брег припаѓаше на Јордан.

Уште една војна ја отежна целата ситуација, а тоа е познатата 6 дневна војна од 1967 година[15], кога Израел борејќи се против Египет, Сирија и Јордан, ги окупира Газа и Западниот Брег. Уште пред оваа војна, додека Западниот Брег е под анексија на Јордан, формирана е Палестинската Ослободителна Организација, која е легитимна претставничко тело и како такво добива статус на набљудувач подоцна во Обединетите Нации.

[15] Michael B. Oren, Six Days of War: June 1967 and the Making of the Modern Middle East.

Палестинската Ослободителна Организација, (Palestinian Liberation Organisation PLO) како што и нејзиното име укажува, претставува примарен организиран апарат на Палестинците за ослободување на палестинските територии. Во 1969 година, Јасер Арафат станува нејзин лидер, човекот кој долго време беше лидер на Фатах. Многу Палестинци го поврзуваат своето денешно симпатизирање на Фатах, токму поради тој факт.

Арафат, кој и самиот се борел во војната во 1948 година и имал значително учество во мобилизирање и организирање на трупи против Израел, ја презема целосната контрола врз воените и дипломатски односи со Израел.

Во 1979 година, преку Договорот од Кампот Дејвид, Египет сигнализираше крај на какво било задржување за Појасот Газа. Во јули 1988 година, Јордан ги отстапи своите територии на Западниот Брег. Откако Израел ја презеде контролата врз Западниот Брег од Јордан и Газа од Египет, таму започна да воспоставува израелски населби. Овие беа организирани во областа Јудеја и Самарија (Западниот Брег) и Регионалниот совет Хоф Аза (Појасот Газа) во Јужниот округ.[16] Администрацијата на арапското население на овие територии беше извршена од страна на израелската граѓанска администрација на координаторот на владините активности на териториите и од локалните општински совети присутни уште пред преземањето на Израел. Во 1980 година, Израел реши да ги замрзне изборите за овие совети и наместо тоа да основа селски лиги, чии службеници беа под израелско влијание.

Во ноември 1988 година законодавниот дом на Палестинската Ослободителна Организација, во егзил, го прогласи формирањето на државата Палестина. Во наредниот месец, многу брзо беше призната од многу држави, вклучително и Египет и Јордан. Во палестинската декларација за независност, државата Палестина е опишана како основана на „палестинската територија“, без експлицитно да се прецизира понатаму.

Во 1987 година изби Првата Интифада. Овој конфликт беше поттикнат од израелската окупација на Газа и Западниот брег. Палестинските милиционистички групи се револтираа, а стотици луѓе беа убиени.

---

[16] Jimmy Carter, “Framework for Peace in the Middle East”, EGYPTIAN-ISRAELI HISTORY, Camp David Accords, достапно на: https://www.britannica.com/event/Camp-David-Accords

На последователниот мировен процес, познат како Мировниот договор во Осло, беше предложено да се стави крај на тековното насилство.

Гледиштата на Јасер Арафат кон Израел, како и договорот за мир помеѓу Египет и Израел во 1979 година, соработката помеѓу Арапите и САД во врска со Ирак и војната на Персискиот Залив во 1991, отвори нови врати за некаква дипломатска комуникација помеѓу Израел и Палестина.

Норвешка беше државата која се понуди да биде домаќин на тајните дипломатски средби помеѓу овие држави. Дипломатите се сретнаа во 1992 година и одржаа дури 14 тајни состаноци. Со оглед на тоа што дипломатите останаа под ист покрив во шумски предел близу Осло, имаа можност исто така за многу неофицијални прошетки и неофицијални состаноци.[17]

Всушност, Јасер Арафат беше тој што прв им пристапи на Норвежаните да помогнат со тајни канали во односот со Израел. На почетокот Израелците не беа толку заинтересирани за директни преговарања со Арафат и Палестинската Ослободителна Организација. Со оглед на тоа што протестите од Интифадата беа насочени кон обете страни, Израел почувствува огромен притисок од меѓународната заедница за нејзиниот однос со демонстрантите.

Првата спогодба во Осло (Осло I) создаде основа за мировен процес и план за привремена палестинска влада во делови од Газа и Западниот брег. Договорот беше потпишан во 1993 година помеѓу израелскиот премиер Јитзак Рабин и палестинскиот лидер Јасер Арафат. Од тој договор произлегуваат следните резултати:

- Израел ја признава Палестинската Ослободителна Организација како официјално репрезентативно тело на Палестинците;
- Палестинската Ослободителна Организација се откажува од секаков вид на насилство:
- Палестинската Ослободителна Организација го признава правото на Израел да постои:
- Двете страни се согласни Палестинците да раководат со Газа и Џерико до 2000 година;

[17] Steve Jones, US Former Policy Expert on the US involvement in the Oslo Process, достапно на http://usforeignpolicy.about.com.

- Внатрешен период од 5 години кој ќе овозможи постепено повлекување на Израел од одделни делови на Западниот Брег[18].

Преговорите во Осло се поделени на два дела. Првиот дел односно Осло А се однесува на правото на Палестина да управува, а додека вториот дел или Осло Б беше финализиран во 1995 година, а се работи за проширувањето на териториите во кои Палестина ќе може да управува, како и заеднички заложби за безбедност. Исто така тука се истакна важноста за демократски избори во Палестинскиот Совет. Двете страни се согласија за период од 5 години, кој треба да го помогне основањето на Палестинска влада. Но одложени се многу чувствителни прашања, кои подоцна ќе имаат огромно влијание, а тоа се прашањето околу Ерусалим, како и прашањето за палестинските бегалци, кое е едно од најчувствителните до денешен ден.

Арафат се врати во Газа во 1994 година, откако беше прогонет 27 години. Тој се упати кон новоформираната палестинска власт.

Во 1995 година, Осло 2 повика на целосно повлекување на израелските трупи од делови на Западниот Брег и други области. Исто така се постави распоред за изборите за палестинскиот законодавен совет.

Апликацијата за членство во ООН поднесена од државата Палестина, исто така, прецизира дека е заснована на „границите од 1967 година". За време на преговорите за Договорите во Осло, Палестинската Ослободителна Организација го призна правото на Израел да постои, а Израел ја призна Палестинската Ослободителна Организација како претставник на палестинскиот народ. Помеѓу 1993 и 1998 година, Палестинската Ослободителна Организација презеде обврски да ги промени одредбите на својата палестинска национална повелба што не се во согласност со целта за дво-државно решение и мирен соживот со Израел.[19]

Како достигнување во Договорите за Осло, Израел го призна преговарачкиот тим на Палестинската Ослободителна Организација како

---

[18] *Declaration of Principles on Interim Self-Government Arrangements* (DOP), 13 September 1993. From the Knesset website.

[19] Declaration of Principles on Interim Self-Government Arrangements (Oslo Accords), United Nations Peacemaker, достапно на https://peacemaker.un.org/israelopt-osloaccord93

„застапување на палестинскиот народ", како замена за ПОО да го признае правото на Израел да постои во мир, прифаќање на резолуциите на Советот за безбедност на ООН 242 и 338 и нејзиното отфрлање на „насилство и тероризам". Како резултат, во 1994 година ПОО ја основаше територијата на палестинската национална власт (ПНА или ПА), која извршува некои владини функции во делови од Западниот Брег и Појасот Газа. Западниот Брег е поделен на 3 сектори: Област А – во која Палестинците имаат целосна контрола врз поголемите градови, Област Б – каде Израел се грижи за безбедноста, а Палестинците се задолжени за цивилни работи и Област Ц која е под целосна контрола на Израел. Последната област опфаќа повеќе од 2/3 од територијата на Западниот Брег, а всушност и во овие области се најголемиот број од израелските населби.

Како и да е, Осло претставува еден значаен почеток на она што се нарекува било каков дипломатски однос помеѓу двете страни. Тоа, всушност, претставува еден голем влијателен чекор за Палестина, иако повлекувањето на Израел од договорените делови одеше многу бавно, а во повеќето случаи не се ни случи. Рабин е убиен од страна на радикален евреин, а неговиот наследник, уште на почеток се соочува со конфликти во својот кабинет во однос на палестинското прашање.




Во септември 2000 година, започна втората палестинска интифада. Предизвикувач на насилството беше посетата на  Ариел Шарон, кој подоцна ќе стане премиер на Израел, на џамијата Ал Акса во Ерусалим. Многу Палестинци сметаа дека ова е навредлив потег и протестираа.

Немири, самоубиствени бомбашки напади и други напади последователно избувнаа, ставајќи крај на ветувачкиот мировен процес.

Овој период на насилство меѓу Палестинците и Израелците траеше скоро пет години. Во 2005 година, израелската армија се повлече од Газа.

Во 2007 година, преземањето на Хамас од Појасот Газа политички и територијално ги подели Палестинците, со тоа што Фатах замина во голема мера владеејќи со Западниот брег и го призна меѓународно како официјален палестински орган, додека Хамас ја обезбеди својата контрола врз Појасот Газа. Во април 2011 година, палестинските партии потпишаа договор за помирување, но неговото спроведување беше во застој сѐ додека не се формира влада за единство на 2 јуни 2014 година.[20]

Фатах на арапски значи „освојува", а името е акроним за Движење за палестинско ослободување. Ова секуларно движење е формирано во Кувајт во доцните 50ти, од страна на палестинската дијаспора со етничкото чистење од 1948 година. Фатах е формирана од неколку поединци, вклучувајќи го и лидерот Јасер Арафат, последователно ал- Вазир, Калаф и моменталниот претседател Махмуд Абас. Движењето се залагаше за вооружено враќање на територијата на историска Палестина. Нивното главно воено крило е наречено „Олуја", а борците се распоредени во неколку арапски земји, како и во Газа и Западниот Брег. Воените операции на оваа група против Израел започнаа во 1965, а изведувани се главно преку Јордан и Либан. После Арафат и Арапско-Израелската Војна 1967, Фатах стана доминантна партија во Палестинската Ослободителна Организација. Откако ова движење е отфрлено од страна на Либан и Јордан, внатре настануваат големи промени и се јавува интерес за преговори со Израел.

Хамас е акроним за Движење на исламски отпор, а во превод значи „ревност". Ова движење е основано во Газа во 1987 година од страна на имамот Јасин. Ова движење всушност е некаква рефлексија на Муслиманското Братство во Египет, а неговото воено крило се залага исто така за воено ослободување на Палестина. Хамас исто така секогаш има бројни акции за состојбата на воените

---

[20] S. Samuel &C. Rajiv, The Hamas Takeover and its Aftermath, *Strategic Analysis*, Vol.31, No. 5, 2007.

жртви. Хамас се декларира како исламско, национално движење за ослободување во чија фондација се наоѓа религијата, односно исламот. Партијата мораше јавно да ги откаже сите врски со Муслиманското Братство и да се активира во дипломатските процеси. Откако се изјасни дека се согласува со создавање на држава во границите од 1967 години, многу од приврзаниците на движењето се почувствуваа изневерени. Хамас на тоа додаде дека еден од најважните услови е статусот на бегалците и нивно враќање дома. Хамас верува дека формирањето на Израел е целосно нелегално и тоа ја одвојува од ПОО, од која не е дел.

Во 2005 година Хамас настапува како политичка партија и извојува победа над Фатах. Од нивната победа од 2007 година, меѓу нив и Израел има 3 воени судири и бројни блокади во Газа.

Со објавувањето на политичкиот документ од страна на Хамас во 2017 година, целите на двете партии се всушност исти – формирање на палестинска држава со границите од 1967 година, бидејќи тоа можеби е и единственото можно и реално решение.

Најголемата разлика помеѓу овие две движења, односно партии е во нивното однесување кон Израел. Додека Хамас користи вооружен начин, Фатах верува во преговарачки пристап.

Договорот од Осло му овозможи на Израел целосна контрола врз палестинската економија, како и врз социјалните и безбедносни работи во повеќе од 60% од Западниот Брег. Според согласностите, палестинската власт треба целосно да соработува за безбедносните работи со Израел, кое за многумина е контроверзно. Привлечноста на Хамас се состои во идеологијата, додека Фатах има поголема меѓународна поддршка и се смета за финансиски постабилна. Во својот однос на регрутирање Хамас ги користи оние места како џамии и универзитети, додека Фатах се концентрира на привлекување симпатизери преку финансиска поддршка. Мора да се спомене дека многу од следбениците на Фатах се емотивно врзани со она што за нив претставуваше Јасер Арафат. [21]

[21] Zena Tahhan, Online Journalist for Al Jezeera, 2017, достапно на: https://www.aljazeera.com/indepth/features/2017/10/hamas-fatah-goal-approaches-171012064342008.html

Потеклото на израелско-палестинскиот конфликт не можеме да го најдеме во некоја античка несогласност, ниту пак се работи за длабок религиски конфликт. Неговите корења се всушност комбинација од територијалната припадност, модерна политика, како и проблеми со суверeноста на ентитетот нација-држава.

Исто така комплексноста на овој конфликт го зголемува вмешувањето на меѓународната заедница, преку организации како Обединетите Нации или земји како САД, Иран, Либан и слични. Овој конфликт може да се третира и како производ на расизмот на Европјаните кон Евреите и со тоа што тие се целосно неприфатливи во Европа, нивната желба за своја држава е повеќе од приморан карактер.

Палестинците сѐ уште се борат за официјална држава која формално ќе ја признаат сите земји.

Иако Палестинците заземаат клучни области на земјиште, вклучувајќи ги Западниот брег и појасот Газа, големо население на Израелците продолжуваат да се населува на овие локации. Многу меѓународни групи за права ги сметаат овие населени места нелегални, границите не се јасно дефинирани и постојаниот конфликт и понатаму е норма.




Поделба на територијата низ годините

Во мај 2017 година, водачите на Хамас презентираа документ во кој се предлага формирање на палестинска држава со употреба на утврдените граници од 1967 година, со Ерусалим како нејзин главен град.[22] Сепак, групата одби да го признае Израел како држава, а израелската влада веднаш го отфрли планот.

Додека голем дел од историјата на Палестина вклучува крвопролевање, раселување и нестабилност, многу светски лидери работат кон резолуција што ќе резултира со мир низ целиот регион.

Целиот овој период е многу важен во овој труд, бидејќи остава трајни емоционални и практични последици. Истражувањето се темели на осознавање на причините за неучеството на жените во Палестина во социо – политичкиот живот, а многу од причините се детерминирани од историскиот аспект и конфликтот помеѓу Израел и Палестина. Во понатамошниот текст ќе погледнеме каква е активноста на жените во овие историски и мачни моменти за палестинскиот народ.

---

[22] Middle East Eye, Hamas in 2017: The document in full, Hamas explains general principles and objectives in 42-article document, достапно на: https://www.middleeasteye.net/news/hamas-2017-document-full.

## 2.2 Историски преглед на учеството на жените во социо – политичкиот живот во Палестина

Уште од почетокот на 20тиот век, се забележува учество на палестинските жени во социјални и политички активности. Хуманитарните институции на жените, како оние за деца без родители или за стари лица, се централните активности каде се забележува најголемо и најефективно учество на жените и кои претставуваат главно собиралиште на жените да работат врз социјалните проблеми во општеството.

Како и да е, политичките околности во Палестина, од времето на Британскиот мандат па се до израелската окупација, придонесуваат за кристализација на правецот, во кој палестинските жени би биле активни во социјалниот и политичкиот живот. Исто така тие околности го детерминираат и учеството на жените особено во демонстрации, дискусии и формирање петиции за протести.

Во 1893 година одржана е првата политичка активност организирана од страна на палестинските жени, односно, протестот против изградбата на првата населба во Афула. Во 1920 година, пред официјалниот почеток на мандатот, 29 жени од северна Палестина протестираа против декларацијата од Белфур, преку писмо до управителот на регионот, во кое се потенцира дека, христијанките и муслиманките кои ги претставуваат останатите жени од Палестина протестираат жестоко, енергично против таа декларација.[23]

Исто така учеството на жените се забележува и во други политички активности, имено во оние од 1929 година кога беа инцидентите со „Ѕидот на плачот„. Во овие инциденти беа убиени 9 жени од страна на британската армија, што ги поттикна останатите жени да го зголемат своето учество во останатите активности, со цел да ја променат таа ужасна ситуација во која страдаа. Како резултат на тоа, во 1929 година, Палестинските жени намерно објавија движење и во инаугуративна манифестација во Ерусалим беше повикан Конгресот на Палестинските арапски жени. Повеќе од 200 жени од цела Палестина

[23] Писмо до администраторот О.Е.Т.А од Арапските жени од Северот, 23 март 1920, Државна Архива на Израел, РГ 2 30/1

учествувале на Конгресот, во кој се усвоила резолуција за националниот проблем кој го имаат, но и повикаа на поддршка на сите резолуции, одлуки и наредби на арапските претставници.[24]

Пред завршетокот на дискусијата, жените одржаа и заклучна сесија, каде беше избран Извршен Комитет на Арапски Жени, кој ќе биде одговорен за администрацијата и извршувањето на резолуциите од Конгресот. Иако можеби активностите во резолуциите беа фокусирани главно на националниот проблем, сепак ова движење ја стави родовата припадност на една видлива позиција.

За време на периодот помеѓу 1948 и 1967 година, Палестинците беа сведоци на таканаречената Нагба (Катастрофа), како и ужасните последици од неа на политички, економски и социјален аспект. Овој ден е всушност 15 мај, кога е прогласена независноста на Израел, а со тоа настануваат огромни промени за Палестинците. За нив овој ден наречен „Катастрофа", го претставува бројот на Палестинци кои беа принудени да ги напуштат своите домови, а многу од нивните живеалишта, всушност цели села и населени места се целосно уништени. Овие бегалци кои денес изнесуваат и милионска бројка се поделени во бегалските кампови во Јордан, Либан, Сирија, Газа и Западниот Брег.

Всушност значењето на овој збор може да се разбере, доколку се посетат бегалските кампови во Наблус, Палестина и Бејрут, Либан. Она што најстарите жители на тие таканаречени „модерни затвори" го раскажуваат, е еден голем психолошки момент во целокупното функционирање на Палестинците како и во развојот на нивното национално чувство. Тие луѓе, односно нивните поколенија во останатите земји се граѓани без никаков статус, односно не припаѓаат на ниту една држава.

Разговори со поединци во овие кампови се од помош полесно да се сфати овој период од ова истражување, а исто така допринесува поуспешно да се обработат целите и задачите на овој труд.

Организациите на жени во овој случај играа огромна улога кога се во прашање грижата во центрите за деца сираци, како и во доставувањето на

[24] Matiel Mogannam, *The Arab Women and the Palestinian problem*, London: Herbert Joseph 1937, pp. 70-75.

хуманитарна и медицинска помош (храна, вода, лекови, засолништа, облека за погодените семејства).[25]

Во 1964 година формирана е Палестинската Ослободителна Организација, со која Палестинските жени добија квота во Националното Собрание од 2%, кои подоцна достигнаа 7,5% на седниците во Советот во Газа во 1996 година. Во 1965 година е формирана „Унија на жени на Палестина“ во Ерусалим и Наблус, како официјално претставничко тело на Палестинските жени во склоп на Палестинската Ослободителна Организација.

Унијата на жени имаше за цел да создаде демократска платформа за сите Палестински жени, преку поставување на клучни цели кои треба да се постигнат, како: вклучување на жените во сите сфери на политичкиот, социјалниот и правен живот, еднаквост на жените со сите права и одговорности, додавајќи го на тоа зголемувањето на свеста кај жените за нивните легитимни права кои тие ги добиле на Првата и Втората Палестинска Национална Конференција. Ова покажува дека политичката свест кај Палестинските жени пораснала преку движењето, во склоп на палестинските национално ориентирани и општествено базирани организации.

Исто така, во тоа време треба да се истакне дека жените учествуваа во воени операции и беа тренирани да ги земат работите во свои раце поради милитаризацијата и воените дејствија, што ја помести улогата на жените само во социјалните активности, односно, сега нивната улога стана видлива и во национални и воени акции. Се до крајот на 1967 година, околу 68 асоцијации на жени работеа во делот на филантропија и олеснителна помош за жени.

Квалитативна промена кај жените се забележува во 1978 година, кога Палестинските политички партии одлучија да го дефинираат учеството на жените во политичкиот живот , вклучувајќи жени од рурални, урбани средини и бегалски кампови во своите политички партии. Дали ова беше само една постапка со која ќе се осигури поддршката на политичките партии и нивни следбеници е дискутабилно. Мора да се земе во предвид дека воените дејствија оставија многу фамилии без нивните „глави“, па така вклучувањето на жените

---

[25] Ismail Dunia al Amal, The Political Participation of Palestinian Women between form and context, *Tasamuh Magazine*, p.2. Ramallah Palestine, 2002 pp. 2-5.

можеби и беше едно нивно „искористување“, а не и сама моќ за нив. Како и да е во тој период може да се каже дека жените веќе беа вклучени во некои сфери, како: политичка, социјална, културна, здравствена и национална. Во 1987 година, Палестинските жени јасно делуваа во нивната борба, прикажувајќи се во демонстрации, апсења и учествуваа дури и во вооружени операции. Жени лидери се појавија во крилата на левичарските партии, што поттикна интерес за женско лидерство и во другите партии. Неспорно е дека нивните ингеренции се ограничени.

Во 1991 година, Планот за развој на Обединетите Нации (UNDP), односно делот за Женска работна сила, основа коалиција од четири женски комитети, четири истражувачки и застапувачки центри, две установи за правна помош, како и десетици грас рут организации и волонтерски асоцијации. Исто така организирани се работилници каде голем број на Палестински жени ја дискутираа и дефинираа „Агендата на Жени” како стратешки документ за поддршка на жените во Палестина. Но активностите на тие организации беа ограничени само на социјални услуги. Важно е да се забележи дека комитетите на жени креирани од потребата на социјалната работа, го привлече вниманието на политичките партии, да ги користи нив во мобилизација на жени за политички акции.[26]

Повторно се доаѓа до момент, каде што жените се користат како средство за остварување на цели кои нема да ги стават во позиција да го искористат својот потенцијал и улога која ја заслужуваат.

Во 1993 година, после Договорот од Осло, беше формирана Палестинската Национална Власт како официјален претставник на Палестинците од Западниот Брег и Појасот Газа. Како последица на тоа, ситуацијата во Палестина се смени како надворешно, така и внатрешно, со тоа што Палестинската Власт започна да гради институции, да усвојува закони, организира избори и да формира општествени институции кои ќе работат во делот на правата на жените. [27]

---

[26] Rabab Abdulhadi, the Palestinian Women Autonomous Movement> Emergence Dynamics and Challenges, p.2.

[27] Nizal, Rima Katana, Palestinian Women Between Real Political Participation and Cosmetic Involvement, *Urban Dialogue*, 2004, p.28.

Како и да е, и покрај огромното значење на улогата на жените во униите и организациите, како и нивните жртви во останатите процеси, сепак имаме слаби индикатори за успешно учество во политичкиот и социјален живот, кои се поддржани и со настаните опишани подолу во овој труд.

## 3. Фактори кои влијаат врз учеството на жените во Палестина,.

### 3.1 Влијанието на вооружените конфликти врз жените и нивното учество

Последиците од вооружениот конфликт секако претставуваат еден ужас за сите кои се директно или индиректно инволвирани во него. Изминаа децении кои се обележани со огромни жртви, исто толку повредени мажи, жени, деца од страна на вооружени сили, а 90% од жртвите во 90тите се всушност самото цивилно население. Во многу аспекти на вооружениот конфликт, мажите се диспропорционално погодени повеќе во однос на жените. На пример, мажите се предмет на таканаречено „исчезнување“ за време на вооружен конфликт и тоа многу често. Сепак, како правило, меѓународното право е спремно да одговара на овој вид на штета кај мажите, но не во оние случаи кога се цел жените.

Феминистичките научници како Хилари Чарлсворт и Кристина Чинкин дебатираат околу „изградбата на социјални родови и полови улоги означува и дека жените страдаат на многу повеќе начини од мажите за време на вооружен конфликт“. [28] Секако тука треба да се земе предвид дека, влијанието на конфликтот се разликува според фактори како: етничка припадност, класа, возраст, урбана или рурална средина, вработеност и слично.

Други варијабли кои треба да се земат во предвид се и директното и активно инволвирање, спречување на конфликт, затворски казни, дали лицата се наоѓаат внатре или надвор од воената зона. Вооружениот конфликт секако ги влошува нееднаквостите (во овој контекст оние родовите), кои постојат во секакви форми во општеството.

Сексуалното насилство и силувањата за време на конфликти претставуваат еден важен аспект од онаа подреденост на позицијата на жените на глобално ниво како и перцепцијата на жените како некаков комодитет.

---

[28] Hilary Charlesworth and Christine Chinkin, *The Boundaries of International Law: A Feminist Analysis*, Manchester: Manchester University Press, 2000, стр. 254.

Всушност овде дефинитивно се вклопува онаа идеја за жената како предмет, што всушност претставува понижување и срам на заедницата преку нејзино силување. А самата улога на мажите според некоја логичка родова конструкција тука би била да ги заштитат нивната земја, ресурси и секако жените. Или пак како што истакнува Синтија Енло, војните се водат заради „жените и децата“.[29] Некои научници истакнуваат дека, определени луѓе кои се од женски род се заштитени од определени други (секогаш со машки род). Оваа врска на заштитен – заштитуван, според феминистите, претставува една огромна нееднаквост, каде тие што се заштитени имаат недостиг од сопствена способност да се заштитат.[30]

Да се преживее денот е несомнено еден од најголемите предизвици на оние кои остануваат дома. Економските и социјални проблеми се зголемуваат и со физичката опасност од напади, во кои се вклучува и она напуштање на домот поради рутинско пазарење. Продолжувањето на професионалниот живот како и редовните примања стануваат невозможни. Генерално она што паѓа на товар на жените е физичката и психолошка грижа за повредените борци, старите лица, истрауматизираните деца.[31] Окупацијата на подолг период исто така има одредени последици врз жените, и тоа обострано, и од окупаторите и од припадниците на нивните заедници, особено во улогата на мајки, односно кога станува збор за репродукција.[32]

Во Израел, на пример, бројот на силувања за време на Голфската војна 1990-91 драстично се зголеми. Во позадина на ова се поврзуваат насилствата врз Палестинците од страна на израелските војници како и непредвидениот раст на насилството врз жените во Израел.

Позицијата на жените и влијанието на вооружениот конфликт врз нив, не баш и секогаш целосно негативен. Всушност многу жени се охрабрени во тој период да преземат улоги во општеството, што претходно им припаѓале на мажите. Иако овие достигнувања секогаш се краткорочни и по завршување на

---

[29] Cynthia Enloe, *Maneuvers: The International Politics of Militarizing Women's Lives*, University of California Press, 2000.
[30] Hilary Charlesworth and Christine Chinkin, *The Boundaries of International Law: A Feminist Analysis*, Manchester: Manchester University Press, 2000, стр. 254.
[31] Sharoni, Simona. *Gender and the Israeli-Palestinian Conflict: the Politics of Women's Resistance.* New York: Syracuse University Press, 1995.
[32] Stasiulis, Daiva & Yuval-Davis, Nira. *Unsettling Settler Societies: Articulations of Gender, Race, Ethnicity and Class.* London: Sage Publications, 1995.

конфликтот овие предности се губат, бидејќи жените се исклучени од мировните или реконструктивните процеси.

## 3.2 Улогата на национализмот врз учеството на жените

Додека некои проминентни научници како Нира Јувал Давис[33], Симона Шарони[34], Синтија Енло[35] и Џули Петир[36] пишуваат со полна муреа за родовите врски и како тие влијаат и врз нив се влијае од страна на национални проекти, многу од конвенционалните теории за човекови права и национализам не се согласуваат дека родовите врски се ирелевантни. Всушност се потенцира еден паралелен теоретски аспект на мажественост, кој се третира како норма од која жените и женственоста треба да се диференцираат. Жените, според нив, се девијантите од таа норма.

Кога зборуваме во Израелско-Палестински контекст, би било тешко да се диференцира борбата за женските права од националната борба за слобода. Овие две работи се во огромна мера поврзани. Многумина се сложуваат дека Палестинските жени доживуваат таканаречена двослојна борба, една против традиционалните, патријархиски структури и однесувања, а друга во рамките на Израелската окупација. Но исто така мора да се земе во предвид дека во огромна мера свеста кај жените за нивните права и учество во општествено – политичкиот живот дефинитивно се буди повеќе во рамките на националната борба. Како што истакнува научникот Пени Џонсон, секогаш постои дилема, дали државата е потенцијален двигател кон еднаквост или инструмент за патријархално потчинување. Учеството на жените во нивните национални и етнички колективи

[33] Yuval-Davis, Nira. *Gender and Nation*. London: Sage Publications, 1995.

[34] Sharoni, Simona. "*Conflict Resolution through Feminist Lenses: Theorizing the Israeli-Palestinian Conflict from the perspective of women peace activists in Israel*". Dissertation Thesis presented at George Mason University, 1993.

[35] Enloe, Cynthia, *Maneuvers The International Politics of Militarizing Women´s Lives*. Berkeley: University of California Press, 2000.

[36] Peteet M, Julie. *Gender in Crisis: Women and the Palestinian Resistance Movement*. New York: Columbia University Press, 1991.

е разнолико.[37] Од една страна жените, како и мажите, се припадници на заедницата. Од друга страна, секогаш има посебни правила и прописи, кои укажуваат на жената како жена, а посебно кога станува збор за репродуктивната улога.

Во контекст на национализам, улогата на жената во репродуктивен аспект секогаш се поврзува и е поттикнувана, дури и преку политики, кон голем број на рожби, со кои ќе се осигури опстанокот на нацијата. Ова може слободно да се каже дека е случај во двете општества, и во Израел и во Палестина. Во Палестина притисокот врз жените да раѓаат што повеќе деца е огромен, и сето тоа во име на националната борба и опстојување на нацијата. Токму овој аспект игра огромна улога во позиционирањето на жените во општеството и одржувањето на нацијата.

Тука несомнено може да се констатира дека државата ги третира жените како сопственост, бидејќи им го забранува правото на абортус, а исто така контролира и други права кога станува збор за репродуктивните права кај жените.

Дефинитивно родот игра огромна улога во конструкцијата и одржувањето на Палестинскиот идентитет, секако и на Израелскиот. Националистичкиот дискурс се базира на дистинкцијата „ние“ и „тие“ и вметнува експлицитни и имплицитни претпоставки за мажественоста, женственоста и родовите врски. Мажите во двете општества се социјализирани да бидат заштитници и ослободители на нивните нации и заедници. Жените, од друга страна, како и што споменавме, се сведуваат на репродукција на нацијата во националистичкиот контекст и според тоа се оние на кои им треба заштита.

[37] Johnson, Penny & Kuttab, Eileen. “Where Have All the Women (and Men) Gone? Reflections on Gender and the second Palestinian Intifada”, *Feminist Review* No. 69, 2001.

### 3.3 Влијанието на  конфликтот и меѓународното право

Од вкупно 3.39 милиони Палестинци во Западниот Брег и Газа, околу 1.5 милион се бегалци од 1948 година, а повеќе од 800.000 живеат во кампови низ целата територија. Мнозинството Палестинци, бегалци или не, не припаѓаат на никоја држава, односно немаат никакво државјанство, додека пак еврејските Израелци живеат во населби во Западниот Брег, Газа и Ерусалим, но не се под палестинска јурисдикација.

Ситуацијата во окупираните територии, како и проблемите што се провлекуваат низ Израелско-Палестинскиот конфликт, се рефлектира и врз перспективата на човековите права. Израел како суверена држава е задолжена за имплементирањето на човекови права според меѓународното право, односно според Четвртата Женевска Конвенција. Како и да е, Израел ја одбива оваа одговорност, како и имплементирањето на Четвртата Женевска Конвенција.[38] Во оваа ситуација се провлекува правото за самоопределба кое се состои во меѓународното право, а Палестинците автоматски би го користеле правото на самоопределба како легална процедура доколку оваа Конвенција се имплементира.

Но од друга страна, политичките спогодби и динамиките на самиот конфликт, во некои случаи се косат со имплементацијата на човековите права. Во овој контекст, станува збор за потенцијална контрадикторност на меѓународното право, човековите права и правото на државата на суверенитет. Управувањето на Израел со Западниот Брег и Газа е резултат на воена окупација, па затоа и Израел ги насочува државните права и одговорности кон сопствените интереси, односно безбедноста пред правата на Палестинците. Пресудно за Израел во толкувањето на правата во териториите е и легитимноста на Палестинците без државјанство во процесите на донесување одлуки во Израел. Во интерпретирањето на меѓународните хуманитарни закони кои важат за суверените држави, според Израел, луѓето без никакво државјанство не можат да

[38] International Committee of the Red Cross, Convention (IV) relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War. Geneva, 12 August 1949, достапно на: https://ihl-databases.icrc.org/applic/ihl/ihl.nsf/Treaty.xsp?action=openDocument&documentId=AE2D398352C5B028C12563CD002D6B5C

бидат корисници на тие права, а уште повеќе што Палестина не е независна држава. Исто така според Израел, Палестинците не би можеле да бидат полноправни во Западниот Брег и Газа, бидејќи нема ништо во меѓународното право што се пропишува на признавање суверенитет на „непостоечка“ држава.

Меѓународната заедница остро ја критикува позицијата на Израел, неимплементирањето на Четвртата Женевска Конвенција. Според меѓународната заедница оваа Конвенција може да се имплементира во целост. Јадрото на самата идеја на меѓународните правила за воена окупација се состои во транзиција на самата окупација, а една од клучните цели е да се овозможи колку што може повеќе, луѓето под окупација да живеат „нормален” живот.[39]

[39] United Nations Economic and Social Council (ECOSOC) Report E/CN, 6/2007/4

## 3.4 Влијанието на Втората Интифада врз учеството на жените

Насилството и убиствата во Израел и Окупираните Територии во изминатите години донесоа огромно страдање на цивилното население. Ако Првата Интифада (1987-1991) се карактеризира со политички активизам, дискусии, раст на масовни организации, вклучувајќи ги и движењата на жените, за жал Втората Интифада се карактеризира со нивно отсуство.

Дел од објаснувањето во таа ситуација се наоѓа во начинот на управување на Палестинската власт, односно во тенденциите да се оневозможат демократски политики и учество. Но тука се и факторите како исцрпувачките ефекти на Израелските политики на затворања, опсади, раздвојување ан Палестинскиот народ, како и она што го донесе Втората Интифада во поглед на улогите на мажите, жените и децата. Зголеменото воено насилство и милитаризацијата од двете страни на овој конфликт, се клучни фактори во учеството на жените во Втората Интифада.

Во Првата Интифада борбата беше насочена кон заедницата, улиците, населбите, домовите. Основно оружје во одбраната на заедницата беа камењата, а жените учествуваа директно соочувајќи се со Израелската армија, без разлика дали е тоа демонстрација или престрелка. Основни страни на конфликтот претставуваа домот и заедницата, а кога нема јасно диференциран фронт за борба, тогаш немаме ни јасна полова дивизија во самата борба. [40]

Во таканаречената Ал Акса Интифада судирите се наоѓаа на граници или контролни пунктови. Во овој контекст улогата на жените како директни конфронтатори е минимална, односно милитаризацијата има поинаков ефект врз учеството на жените. Како и во повеќето општества, се работи за идеологија на женственост и мажественост, а не се работи за способноста.

---

[40] Eileen S. Kuttab, Palestinian Women in the"INTIFADA": Fighting on Two Fronts, *Arab Studies Quarterly* Vol. 15, No. 2, Spring 1993.

Учеството на жените, уште еднаш мора да потенцираме дека во вакви случаи се сведува на репродукција која е тесно поврзана со националниот дискурс. Но исто така мора да се спомене дека динамиките на Втората Интифада го загрозија мајчинството во насока да не можат да се грижат ниту да ги заштитат своите деца. Затоа движењата на жените имаа иницијативи за ситуацијата кога мајките „ги испраќаат“ децата да гинат на контролните пунктови.

### 3.5 Влијанието на родот, патријархатот и Палестинската власт

Кога конечно во 1994 година беше формирана Палестинска власт, тоа значеше и преземање одговорност за внатрешните цивилни работи во Окупираните Територии, како и за внатрешни работи поврзани со безбедноста, но само во определени области. Во исто време израелските судови продолжија со своите активности, имаат јурисдикација врз целокупното палестинско население во Западниот Брег и Газа, фокусирајќи се главно на случаи поврзани со безбедноста.

Со создавањето на Палестинската Власт, всушност Палестинците не добија независност и останаа да бидат контролирани од Израел. Но после изборите во 1996, за прв пат Палестинците добија право да менуваат некои закони и системи кои имаа влијание врз нивните животи. Заедно, Палестинската Власт, Парламентот и организациите преземаа различни иницијативи, но сепак правата на жените и родовата дискриминација (особено во кругот на семејството) воопшто не беа приоритет.

Со оглед на тоа, што жените имаа голем придонес во националната борба, се очекуваше и нивно силно учество во процесите на донесување одлуки. Но сепак во пракса резултатите за нивното учество се разочарувачки. Наместо тоа, традиционалната патријархалност во Палестинската политичка култура го детерминираше тоа учество. Во управувачките тела на Палестинската власт нема раздвојување на законодавната, судската и административната моќ. Неконтролираната моќ води кон корупција и непотизам. Самиот Претседател ги назначува сите високо рангирани позиции, а тоа му овозможува нему огромна контрола. Назначувањата на позиции од страна на Палестинската Власт се

партизирани, припаѓајќи на водечката партија или нејзините блиски кланови. Многу од високите позиции не се доделени според способноста и квалификациите на поединци, туку им се доделени на поранешни активисти на Палестинската Ослободителна Организација кои биле во егзил, како благодарност за нивните активности.[41]

Овој вид на назначување во огромна мера влијае врз родовите односи во овој контекст, особено во делот на зацврстување на патријархалноста за сметка на родовата еднаквост. Со повторно активирање на клановите се заканува позицијата на жената. Улогата на мажот како глава на фамилијата се зацврстува со овие механизми, тој претставува заштитник на семејството, особено на женскиот дел и во овој случај е многу тешко да се реагира доколку дојде до семејно насилство.

Продолжувањето на воениот конфликт, комбиниран со рестрикции во слободата на движење, неможноста на многу судови на Палестинската Власт да спроведат одлуки, претставува тешкотија за самите жени во Палестина да лобираат за правата на жените, особено во време на насилство и сиромаштија. Како резултат на тоа, жените во Палестина страдаат од недоволна легална заштита и спроведување на закони. Уште една важна работа тука е, кога општеството е во криза или конфликт, уште повеќе се стреми кон традиционалните норми на родовите врски и родовата хиерархија, кои пак се поврзуваат со стабилност и преживување.

Исто така управувачката практика на Палестинската Власт го продолжува она темпо на што веќе се навикнати, закони за безбедност, воени судови, брутални испрашувања итн. Многу организации за човекови права, но и невладини организации го поместуваат нивниот фокус од насилството на Израел па до корупцијата, насилството, деструктивноста на законодавството на Палестинската Власт.

---

[41] Nahla Abdo, Gender and Politics under the Palestinian Authority, *Journal of Palestine Studies* 28(2), 1999.

Палестина е спречена од Израел да развива независни, стабилни, управни и политички системи и институции. И кога имало обиди за тоа, сето тоа завршило неуспешно поради негирањето на сувереност на Палестина и поради комплицираноста на целата ситуација повторно се активираат оние групни, племенски системи, кои се недемократски, ги зајакнуваат патријархалните вредности и норми, истовремено демотивирајќи ги жените, оставајќи ги без поддршка за нивно учество во социјалниот и политичкиот живот.

### 3.6 Влијанието на исламскиот фундаментализам

Кога станува збор за вообичаените и религиските закони тие не се баш наклонети на правата на жените ниту пак на поддржување на нивното активно учество во општествениот и политичкиот живот. Но кога зборуваме за состојбата на жените не смееме да избегнеме еден многу важен фактор, а тоа е влијанието на исламскиот фундаментализам. Тензиите помеѓу барањата на жените во Палестина за заштита на нивните права и патријархалната традиција можат да се претставаат преку позицијата на Јасер Арафат во 1994, кога Генералната Унија на Жени во Палестина усвои сет наречен „Принципи за правата на жените", кој се заснова на бројот на договори за човекови права, вклучувајќи ја и Конвенцијата за Елиминација на сите форми на дискриминација на жените. Во тоа време Арафат се изјасни дека ќе ги поддржи тие принципи само ако не се во конфликт со Исламскиот законик. Ова го покажува културниот релативизам кога се во прашање правата на жените. Исто така со поддршката на Хамас, овие ставови се уште повеќе зацврстени во палестинското општество. Израелската окупација во некоја смисла и го поддржа раѓањето на движењето Хамас, истовремено ставајќи ги во опасност уште повеќе правата на жените како и нивното учество.

Хамас е формиран за време на првата интифада, кога, на 9 декември 1987 година, Муслиманските браќа во Палестина се реинкарнираа како Исламско движење на отпорот, или Хамас, со што се создадоа отпор, сила одвоена и надвор од Палестинската ослободителна организација. Новата сила беше во можност да се натпреварува со националното движење предводено од Јасер Арафат и

неговата партија Фатах. За време на интифадата, Хамас користеше мирни средства, усвојувајќи само воени тактики од 1992 година наваму, откако Јасер Арафат ги потпиша Договорите за Осло. [42]Набргу потоа, за да функционира како политичко, како и идеолошко и воено движење во пост-Осло периодот, Хамас го оддели своето воено крило од својата политичка организација. На 11 декември 1995 година, Хамас го објави формирањето на Хизб ал-Калас ал-Ватани ал-Ислами - Исламската партија за спасување или партијата „Спасение", со арапскиот акроним „Халас".

Ова беше значаен развој. Му овозможи на Хамас да учествува во дебатите и политичките процеси донесени со доаѓањето на палестинската национална власт, да игра удел во развојот на (она што се надеваше дека ќе биде) нова држава, и да ги даде овие напори приоритетни заедно со национална борба за слобода од израелското колонијално владеење и воената окупација.

Во својата основачка изјава, Партијата за прв пат во историјата на движењето „Муслимански браќа" во Палестина го употреби јазикот на „правата" за различни социјални групи и особено за жените и другите загрозени групи, како што се работниците, кои ретко биле мета на активизмот на Браќата. Во партиското соопштение се наведува потребата за учество во политичко-културна активност и социјално-економска градба, вклучувајќи ја и потребата за заштита на верските вредности и граѓанските права - вклучително и на работниците, културните друштва и на жените. Во следното, ја анализираме позицијата на жените во партијата „Спасение" и начините на кои нивните улоги се разликуваа од оние што ги играат националистичките и секуларните жени во рамките на структурата на националното движење. Во текот на овој труд, го задржувам терминот „исламистички жени" за оние кои припаѓаат на исламското движење и кои активно се вклучуваат преку нивниот активизам во јавната сфера во промовирање на, како што Кеди ја нарече „Исламска држава што ќе спроведува барем некои исламски закони и обичаи.

Исламистичките жени беа клучна сила за проширување на изборните тела на Хамас во студентското движење, но нивниот активизам не беше признат во

---

42 Hroub Khalid, *Hamas Political Thought and Practices*, Washington D.C., Institute of Palestine Studies, 2000.

рамките на структурата на движење во Западниот Брег, бидејќи структурата на Хамас за вклучување на жените се разликува во Западниот Брег од онаа во Газа. Се тврди дека оваа родова форма на структура би можела да биде важен фактор за демобилизација на жените надвор од Газа, особено кога Хамас стана хегемонична политичка моќ во палестинскиот пол за време и после последиците од првата палестинска интифада. Партијата за спасување основана во Газа нема паралелно тело на Западниот Брег, ниту пак Хамас во Западниот Брег има структури за мобилизирање и организирање за други социјални групи, како што се студенти или работници. Исламистичките организации во Западниот Брег имаат за цел само мажи. Така, додека машките членови на партијата учествуваа во различните активности на интифадата (организирање штрајкови, погребни поворки, конфронтации со израелската војска ... итн.), женските припадници на Хамас во тоа време не беа видливи како учесници. (Прикриени жени-учесници не беа нужно исламисти.) Не најдов никаков напис во документи или интервјуа дека жените биле учесници или биле насочени кон регрутирање или како гласачи или како кандидат. Ниту активизмот покажан од исламистичките жени на универзитетите не потекнуваше од организациската структура на Хамас; тоа се должеше на напорите на самите жени студенти кои се натпреваруваат за гласови на универзитетски избори. На Западниот Брег, откако една студентка ќе го напушти универзитетот, таа нема каде да оди во структурата на движењето. Првично, истата ситуација се однесуваше и за Газа, каде што се поголемиот број женски студенти на Исламскиот универзитет, а подоцна, од универзитетот Ал-Азар или други колеџи, немаше каде да одат освен да работат во социјалните институции кои припаѓаат на муслиманските браќа . Кон крајот на 2003 година, водачите на Хамас ја објавија својата намера да формираат исламистичко женско движење, а женските студенти им се придружија на силите со главните политички организации, како што е Партијата на спасување. Но, ова се случи само во Газа. а изборните тела на Хамас во студентското движење, но нивниот активизам не беше признат во рамките на структурата на движење во Западниот Брег, бидејќи структурата на Хамас за вклучување на жените се разликува во Западниот Брег од онаа во Газа. Јас тврдам дека оваа родова форма на структура би можела да биде важен фактор за демобилизација на жените надвор од Газа, особено кога Хамас стана хегемонична политичка моќ во палестинскиот пол за време и после последиците од првата палестинска интифада. Партијата за

спасување основана во Газа нема паралелно тело на Западниот Брег, ниту пак Хамас во Западниот Брег има структури за мобилизирање и организирање за други социјални групи, како што се студенти или работници. Исламистичките организации во Западниот Брег имаат за цел само мажи. Така, додека машките членови на партијата учествуваа во различните активности на интифадата (организирање штрајкови, погребни поворки, конфронтации со израелската војска ... итн.), Женските припадници на Хамас во тоа време не беа видливи како учесници. (Прикриени жени-учесници не беа нужно исламисти.) Не најдов никаков напис во документи или интервјуа дека жените биле учесници или биле насочени кон регрутирање или како гласачи или како кандидат. Ниту активизмот покажан од исламистичките жени на универзитетите не потекнуваше од организациската структура на Хамас; тоа се должеше на напорите на самите жени студенти кои се натпреваруваат за гласови на универзитетски избори. На Западниот Брег, откако една студентка ќе го напушти универзитетот, таа нема каде да оди во структурата на движењето. Првично, истата ситуација се однесуваше и за Газа, каде што се поголемиот број женски студенти на Исламскиот универзитет, а подоцна, од универзитетот Ал-Азар или други колеџи, немаше каде да одат освен да работат во социјалните институции кои припаѓаат на муслиманските браќа . Кон крајот на 2003 година, водачите на Хамас ја објавија својата намера да формираат исламистичко женско движење, а женските студенти им се придружија на силите со главните политички организации, како што е Партијата на спасување. Но, ова се случи само во Газа.

Организирањето студенти и нивно поврзување со политичките партии е клучно во Палестина каде што младите воопшто, а особено учениците, играат важна улога во зајакнувањето на националното движење и борбата против окупацијата. Обид да се одговори зошто исламистите во Западниот Брег не се обидоа да организираат жени во нивните мејнстрим политички партии - без разлика дали под името Муслимански браќа, Хамас или Партијата за спасување - мора да признаат дека овие институции носат отпечаток на конзервативна родова идеологија запознаена со исламистичкото движење од своето основање. Ова беше особено точно кога станува збор за млади неженети жени. Според активистите во исламското студентско движење: „Можеме да побараме голема мешана средба на универзитетите и за двата пола кога имаме заедничка цел да постигнеме, како што е голем протест против универзитетската администрација

или флагрантно кршење на нашето право како исламски блок за организирање на нашите активности, но немаме мешана структура за студенти.[43]

Недостатокот на такви структури сериозно ги погодува женските дипломирани студенти на Западниот Брег, каде што бројот на исламистички институции е поограничен и расфрлан отколку во Газа. На Западниот Брег, жените им имаат на располагање само неколку добротворни друштва. Типични примери се исламското општество ал-Худа, општеството на Ал-Ханза (и во Ал-Бирех и во Рамалах), Ханиен во Наблус, Здружението на муслиманска жена во Ерусалим и слично во Хеброн. Овие организации се многу слични на стариот вид женско добротворно општество што постоеше за време на британскиот мандат. Како и старите добротворни друштва, нивниот фокус не е на организирање на жени, туку на обезбедување ограничен број можности за работа во домашните економии, како што се вез и угостителство. Во обезбедувањето на угостителството, овие општества се покажаа сериозна конкуренција за многу женски друштва, стари и нови, кои успеаја да воспостават „мрежа на односи со министерствата на ПА, банките и многу приватни претпријатија“. Според директорите на овие општества, финансиските приходи од нивните активности ги покриваат нивните трошоци. Покрај тоа, тие успеваат да привлечат важни донации од исламистички бизнисмени кои сметаат дека нивните активности се во согласност со исламскиот императив за поддршка на сиромашните, сираците, затворениците и семејствата на мачениците, како и на сиромашните. Овие друштва не добиваат странско финансирање, факт што им дава легитимност кога напаѓаат и де-легитимизираат други женски организации, особено оние кои работат со невладини организации на жените.

Добротворните друштва на исламистичките жени, исто така, организираат алтернативни културни активности, одвоени од оние на националистичките и феминистичките женски групи. Денот на жената, меѓународен фестивал кој се слави на 8 март секоја година, се заменува со Фестивалот на муслиманска жена (махрајан ал-марах ал-муслима). Денот се одбира заради „прагматична“ причина, пред крајот на академското училиште и универзитетската година. Овие

---

43 El-Hamad Jawad and Bargothi Eyad, Derassa fi fikr harakat al-moqawamah al-islameyya hamas (A Study in the Political Ideology of The Islamic Resistance Movement, Hamas 1987-1996), Amman, Middle East Study Centre, 1997.

фестивали обично привлекуваат огромен број жени и нивни деца - околу 2000-2500 жени. Овие митинзи се продолжение на вообичаеното проросетизирање на муслиманските браќа (nashr al-d'awa) кога ги поттикнуваат жените да ги почитуваат правилата на нивната религија и да ги охрабрат да бидат добро посветени муслимани (молтазема). Повторно, како и во стариот вид на женски добротворни друштва, од жените кои присуствуваат на овие митинзи не е побарано да преземат никаква политичка активност во партиска организација.

Во Западниот Брег не постои правна, официјална обединувачка исламистичка структура, како што е случајот со Партијата за спасување во Газа. Сепак, беше тешко да се утврди дали недостатокот на обединувачко тело за исламистичките жени е резултат на другите преовладувачки внатрешни приоритети, или дали произлегува од крајниот недостаток на интерес за организирање на исламистичките жени на Западниот Брег (за разлика од до Газа). Кога исламистичките жени во Западниот Брег беа запрашани дали ги координираат своите активности или програми, одговорите беа негативни. Сепак, жените тврдеа дека „кога е можно, присуствуваме на сите митинзи и конференции.

Зголеменото влијание на исламистите, од друга страна, може да се објасни само со повикување на низа меѓусебно поврзани фактори: неуспех на мировниот процес, пад на палестинското национално движење, придружено со повлекување на грасрут организации од обезбедување на услуги; „невладина организација“ на женски организации8, кои ги нарушија нивните органски врски со основните; „национализација“ на исламот; и „исламизација“ на палестинскиот национален идентитет од страна на муслиманските браќа во Палестина. Понатаму, додека родовата идеологија на Хамас почива врз религиозните принципи, сепак се покажа како контрадикторна и во континуиран флукс.

Основно за исламизацијата на палестинскиот идентитет беше исламизацијата на полот. Хамас, за разлика од Фатах, ја напиша својата родова агенда во рана фаза. Ова е заедничка карактеристика на верските движења кои оставаат голем акцент на семејната единица. За да се разбере родовата агенда на Хамас, неопходно е да се земат предвид факторите што ги поврзуваат родот и национализмот. Родовата идеологија на Хамас не може да се одвои од колонијалната „употреба“ на пол, ривалство со „други“ националистички групи

и, во помала мера, библиски текстови. Раната строга агенда за родови и моралниот систем на Хамас се ублажи додека движењето растеше и стануваше попопуларно. Родовата агенда на партијата, исто така, се разви во однос на притисокот што го извршуваат исламистичките жени врз нивните водачи. Притисокот на жените се зголеми за нивото на „моќ“ што овие жени го постигнаа преку нивниот активизам во движењето.

Ширењето на превезот во текот на првата интифада е поврзано со национално значење - дека пред несреќата, смртта и уништувањето предизвикано од израелската окупација, жените мораа да покажат почит кон мачениците. Оваа кампања ја покажа способноста на Хамас да ја конфликтира својата социјална идеологија со палестинскиот национализам, користејќи ја заканата и употребата на насилство врз жените за наметнување на превезот. Во оваа борба, жените немаа мала поддршка од националното раководство на интифадата, која не успеа да се спротивстави на прекриената кампања на време. Фокусот на Хамас врз воениот активизам треба да се потенцира за подобро да се објасни нејзината позиција во однос на побожноста и превезот на жените во секој посебен момент. Второ, превезот има различни значења за различни жени според нивната само-перцепција, класа и идеологија. Накратко, повеќе нијансиран пристап кон значењето на завесата е важен во изработката на опозициската политичка стратегија.

